**20250881949**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.98/19, 27/20 и 56/21), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 април 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.26/25) во делот I во воведната реченица износот „6.271.000.000,00“ се заменува со износот „5.914.240.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.481.240.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 1.000.000,00 |
| Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделство (државна помош во земјоделството) | | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 1.000.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 1.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделски стопанства | 1.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 20.000.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за складирање на пченица, јачмен и ориз од домашно производство од род 2025 година | 1.000.000,00 |
| 8. | Помош за поддршка на трошоци за набавка на горива за земјоделска механизација за земјоделски стопанства | 561.000.000,00 |
| 9. | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство (ПОМ) | 1.000,00 |
| 10. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 20.000.000,00 |
| 11. | Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година | 2.828.997.000,00 |
| | Вкупно | 5.914.240.000,00 |

“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „2.500.000.000,00“ се заменува со износот „2.481.240,000,00“.

III

Во делот III во воведната реченица износот „500.000.000,00“ се заменува со износот „1.000,000,00“.

IV

Во делот IX во ставот 1 износот „400.000.000,00“ се заменува со износот „561.000.000,00“.

V

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3249/19
29 април 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.